**Г Р А Д   С К О П Ј Е**

ПРЕДЛАГАЧ: **Градоначалник на Град Скопје**

ИЗГОТВУВАЧ: **Сектор за планирање и уредување на просторот**

ПРЕТСТАВНИК: **Секретар на Град Скопје**

ПОВЕРЕНИК: **Раководител на Сектор за планирање и уредување на просторот**

# ПРЕДЛОГ - О Д Л У К А

**за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и Општина Чаир за изработка на проектна документација и изградба на ул.,,Цветан Димов”, од раскрсница со бул.Никола Карев до и со раскрсница со ул.,, Џон Кенеди” и ул.,,Христијан Тодоровски Карпош”, во Скопје**

Скопје, Април 2023 година

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 36 и член 14 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 5/02), а во врска со член 4 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија“ број 79/09), Советот на Град Скопје на __________ седница, одржана на _______ 2023 година, донесе

# О Д Л У К А
## за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и Општина Чаир за изработка на проектна документација и изградба на ул.,,Цветан Димов’’, од раскрсница со бул.Никола Карев до и со раскрсница со ул.,, Џон Кенеди’’ и ул.,,Христијан Тодоровски Карпош’’, во Скопје

### Член 1

Со оваа одлука се воспоставува меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и Општина Чаир за изработка на проектна документација и изградба на ул.,,Цветан Димов’’, од раскрсница со бул.Никола Карев до и со раскрсница со ул.,, Џон Кенеди’’ и ул.,,Христијан Тодоровски Карпош’’, во Скопје и се уредува начинот и условите на финансирањето, како и други прашања во остварување на заедничката цел и интерес.

### Член 2

Вкупната вредност за реализација на меѓуопштинската соработка од членот 1 на оваа Одлука, изнесува 140.000.000,00 денари со вклучен ДДВ,.

Градот Скопје во остварувањето на оваа соработка ќе учествува со средства во висина од 140.000.000,00 денари, со вклучен ДДВ, обезбедени од Буџетот на Град Скопје и тоа 10.000.000,00 денари за 2023 година, 70.000.000,00 денари за 2024 година и 60.000.000,00 денари за 2025 година, од подпрограма ЈДА 482130, како и со решавање на имотно - правните спорови.

Општина Чаир во остварувањето на оваа соработка ќе учествува со изработка на ревидиран Урбанистички проект.

Средствата од ставот 2 на овој член ќе се користат исклучиво за изградба на ул.,,Цветан Димов’’, од раскрсница со бул.Никола Карев до и со раскрсница со ул.,, Џон Кенеди’’ и ул.,,Христијан Тодоровски Карпош’’, во Скопје и во согласност со прописите со кои се уредуваат градежни работи од ваков тип за што Град Скопје ќе спроведе јавна набавка.

Член 3

За реализација на оваа одлука Градоначалникот на Град Скопје ќе склучи договор со Градоначалникот на Општина Чаир, во форма и содржина пропишана во Законот за меѓуопштинска соработка.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Град Скопје“.

Број __________
________ 2023година
Скопје

СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Трајко Славески

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Правен основ за донесување на оваа Одлука е членот 36 и членот 14 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 5/02), и член 4 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија“ број 79/09), согласно кои Советот на Град Скопје е надлежен за донесување на одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка заради остварување на заеднички интереси и вршење на заеднички работи од надлежност на општините. За остварување на заеднички интереси и цели во вршењето на надлежностите, општините здружуваат финансиски и материјални средства. Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка донесува секој од советите на општините. Поаѓајќи од таквата можност, а аргументирана од страна на Градот Скопје и Општината Чаир како проект во рамките на редовна стручна соработка, го оценуваат како еден од заедничките приоритети.

Врз основа на проценка извршена од страна на изработувачот на проектната документација, констатирано е дека за реализација на изградба на ул.,,Цветан Димов'', од раскрсница со бул.Никола Карев до и со раскрсница со ул.,, Џон Кенеди'' и ул.,,Христијан Тодоровски Карпош'', во Скопје потребни се 140.000.000,00 денари со вклучен ДДВ.

Средствата потребни за реализација на оваа одлука, Град Скопје ќе ги обезбеди од Буџетот на Град Скопје за 2023, 2024 и 2025 година.

Општина Чаир во остварувањето на оваа соработка ќе учествува со изработка на ревидиран Урбанистички проект.

Врз основа на горенаведенето, се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе предложената Одлука.